

УВОДНИ СТИХОВИ

ГРАДИВО ЗА САБОТНА ШКОЛА 4/2026

Сабота, 3 октомври 2026

ДОВЕРБА ВО ИСКУШЕНИЈАТА

„Тој може да ме убие: немам друга надеж, туку да ги оправдам своите патишта пред Него. И тоа е веќе залог за моето спасение, зашто лицемер не може да стапи пред Него“ (Јов 13,15-16).

За овој библиски стих во Книгата за Јов, кој истакнува дека е мудро да се надеваме на Бога во најтешките мигови во животот, некој ги напишал следните вдахновени зборови:

„Дури и по цена на животот, сепак ќе се надевам во Него“, цврсто одлучил Јов. И да ме искуша во оган, ќе излезам од него како прочистено злато. И црви да ми го изедат телото во гроб, сепак во своето тело ќе го здогледам Искупителот“.

„Дури и по цена на животот“, можам ли тоа да го кажам кога околу мене има оган, кога ми се рушат сите соништа, кога ја губам надежта и волјата за живот?

„Дури и по цена на животот, сепак ќе се надевам во Него“. Знам дека животот ме обликува како што златото се прочистува во огнот. Тоа е испит на мојата вера.

Неволјите се почва на која правата вера расте и цвета!

Колку е мојата вера во Бога цврста и постојана - не знам сè додека ме служи здравјето, додека имам пријатели и работата ми напредува. Меѓутоа, кога сè ќе тргне по надолна линија, правата и силна вера цврсто ќе се држи за Божјите ветувања и ќе се потпира на Божјата праведност.

Добро е да размислиме за искуството на личноста која бара потпора и да го послушаме нејзиниот совет: „Надевај се во самиот себе и осуден си на разочарување. Надевај се во своите пријатели, тие ќе умрат, ќе те изневерат или напуштат. Затоа, надевај се во Бога и никогаш нема да се разочараш, ни сега ни во вечноста.“

Научи да се надеваш во Бога во секое време. Кога ќе те снајдат неволји, немој да се буниш и да мрмориш.

Кажи му на Господа: „Во Тебе е мојата надеж, Боже!“

Да доаѓаме секој ден кај Бога - да нè зајакне и да нè охрабри.

Сабота, 10 октомври 2026

ЉУБОВ И ЖАЛОСТ

„Исус просолзи. Тогаш Јудејците рекоа: „Гледај, колку го љубел!...“ (Јован 11,35.36)

Исусовото лице, облиено во солзи, ни го открива Неговото длабоко сочувство. Не плачел само заради Лазар, бидејќи наскоро направил чудо кога го подигнал од мртвите. Исус ги сакал Марија, Марта и Лазар. Меѓутоа, неговото срце било прободено со болката на човечкото семејство на сите векови и на сите земји. Страдањата на грешниот човечки род тешко ја притискале неговата душа, а изворот на неговите солзи потекол кога посакал да ги отстрани сите нивни неволји. Тој аспект од Исусовиот живот покажува дека солзите што течат низ неговото лице се сосема природни.

Една жена, чиј сопруг умрел, сметала дека не би смеела да тагува по него толку длабоко. Иако била свесна дека Бог е Тој кој ветил дека мртвите ќе воскреснат и дека повторно ќе ги видиме, таа не можела да ги запре солзите секогаш кога зборувала за него. Но еден ден нејзиниот пастор истакнал нешто што многу ѝ помогнало: „Кога некого длабоко го сакате, станувате многу ранливи. И ако саканата личност умре, страдањата се зголемуваат. Но уште полошо е да не сакаш никого. Не можете да живеете, а никого да не сакате.“

Дали сте изгубиле некој сакан? Немојте да се срамите од своите солзи. Длабоката жалост открива длабока љубов. Бог преку апостол Павле нè повикува да не жалиме како оние што ја немаат библиската надеж. Затоа жалењето кое се темели на самосожалување го навредува Бога. Меѓутоа, љубовта и тагувањето не можат да се раздвојат.

Не заборавете дека Бог копнее да го промени плачот во радост и да нè исполни со веселба (Псалм 30,11).

Сабота, 17 октомври 2026

ПОМОШТА ДОАЃА

„Господ да го чува твоето излегување и враќање, од сега и довека" (Псалм 121,8).

Божјете дете никогаш не е оставено без грижата на небесниот Татко. Кога се чувствуваме опколени со сили кои се против нас, не мораме да се грижиме бидејќи Бог ни е засолниште и сила. „Господ ни е засолниште и тврдина, секогаш проверен помошник во неволја"(Псалм 46,1).

За време на Втората светска војна, еден британски прекуокеански брод тргнал кон Америка. Им било наредено следново: „Држете се за тој правец. Не скршнувајте од него никако и од каква било причина. Ако ви треба помош, пратете шифрирана порака преку радио."

По неколку дена на отворено море набљудувачот забележал непријателски брод. Капетанот испратил шифрирана порака: „Непријателот на видик! Што да сторам?" И одговорот стигнал: „Само право напред. Помошта ви доаѓа." Капетанот го послушал налогот и се држел за договорениот правец.

Кога стигнале безбедно до одреденото место, патниците и екипажот се изненадиле кога во пристаништето здогледале голем британски воен брод. Тој воен брод, иако не го виделе за време на своето патување, ги следел од Англија до Америка, подготвен да им помогне ако им затреба.

Бога не можеме да го видиме. Некогаш дури и не ја чувствуваме неговата присутност. Но во несигурното секојдневие, среде животните опасности, во најтешките мигови, Бог е тука да ни помогне. Тој сигурно ќе нè пренесе од другата страна, во вечноста.

Сабота, 24 октомври 2026

МИРНО ОТСПИЕНА НОЌ

„Спокојно ќе легнам, и ќе заспијам зашто само Ти, Господи, ми даваш да живеам во безбедност“ (Псалм 4,8).

Многу и различни стравови нè спречуваат мирно да спиеме, но на некои луѓе стравот им претставува најголем ужас. Некој богат човек зборувал дека смртта е најголемиот и најстрашен удар на човековото достоинство, потполн пораз на сè што постои. На новинарот му рекол, на неговото прашање во врска со смртта, дека ноќе сака да побегне во фантазија, волшебно мечтаење, па себеси се замислува како се наоѓа во сигурна и убава тврдина опкружен со високи сигурни бедеми. Само таквите мисли го водат кон мирен сон, кој трае само неколку часа.

Сознанието дека сме помирени со Бога, ќе ни помогне мирно да спиеме и добро да се одмориме, а тоа ни е навистина потребно. Токму таква порака ни доаѓа од псалмите 3 и 4. Тие две песни Давид ги напишал кога животот му бил во опасност. Неговиот син Авесалом се побунил против него и го истерал од Ерусалим. Сè изгледало многу лошо за Давид.

Меѓутоа, Давид и порано сфатил дека мора навистина да се надева во Бога. И затоа во тој тежок момент, додека бегал, можел наутро да се разбуди и да каже: „Јас легнувам, спијам и се разбудувам, зашто Господ ме чува“ (Псалм 3,5). А навечер можел со доверба да каже: „Спокојно ќе легнам, и ќе заспијам зашто само Ти, Господи, ми даваш да живеам во безбедност“ (Псалм 4,8).

Повеќе би сакал да бидам помирен со Бога и да спијам како Давид, отколку да сум преплашен милионер. Да го искористиме и овој ден за да ја изградиме својата доверба во Бога.

Сабота, 31 октомври 2026

ДОПИР СО СОЧУВСТВО

„И му се смили, ја протегна раката и го допре и му рече: „Сакам! Биди чист!“ (Марко 1,41)

Луѓето со добро здравје понекогаш се сурови и немарни кон оние со помалку добро здравје. Веројатно секој од нас носи по некој грд спомен од детството кога неговите другари му се смееле на некој кој е поинаков. Свесни сме дека луѓето ги избегнуваат оние кои се „малку поинакви“ или имаат некаков телесен недостаток. Очевидно е дека се срамат да бидат во друштво на таква личност, или, подобро кажано, да добијат нешто за возврат. Исус никогаш не постапувал така. Бил љубезен кон болните кои се туркале околу него, им упатувал поглед полн со сочувство, благ збор на утеха и нежен допир на исцелување.

Според она како постапуваме кон оние кои се наоѓаат во потешка положба од нас, ја одразуваме нашата сличност со Христа. Токму затоа што не можат да ни ја возвратат нашата љубезност, имаме посебна прилика да бидеме навистина несебични. Да бидеме отворени за секоја прилика која ни се дава да покажеме колку сме слични на Христа и на неговото сочувство кон оние послабите, кои малку примаат од другите а толку многу им е потребно.

Сабота, 7 ноември 2026

КАКО ДА ГО ПОЧИТУВАМЕ БОГА?

„Бог е Дух, и кои Му се поклонуваат, треба да Му се поклонуваат во дух и вистина“ (Јован 4,24).

Безграничниот и свет Бог е достоен да го почитуваме. Тој е наш Создател, кој нè одржува во живот и наш Спасител. Без

неговата грижлива љубов и водство во овој свет, не би имале никаква надеж. Затоа мораме да преземеме сè за да го почитуваме на начин кој Нему му носи слава и чест.

Но како може човекот правилно да го почитува Бога? Кога Исус разговарал со Самарјанката, ѝ рекол: „Бог е Дух, и кои Му се поклонуваат, треба да Му се поклонуваат во дух и вистина.“ Меѓутоа, што значи тоа? Да се почитува Бог во „вистина“ значи да се препознае дека Бог е она што Тој навистина е; тоа значи да се признае дека е неограничено совршен, дека треба да го обожаваме, зашто Тој е бескрајно оддалечен од какво било зло и затоа го заслужува изразот божествен. И она што човек може да го даде е да ја употреби сета своја сила на нашиот голем Бог да му ја искаже сета своја почит и слава?

Да размислиме за тоа. Дали на таков начин го почитуваме Оној кој нè создал? Го обожаваме ли Оној кој се наоѓа во нашите најдлабоки мисли и желби? Дали сме целосно чесни пред него, такви какви што сме? Дали го признаваме Бога како Бог? За да му ја укажеме на Бога сета чест и почит што ја заслужува, мораме да бидеме сигурни дека ние пристапуваме во „дух и вистина“. Тоа е единствен начин на правилно служење на Бога.

Сабота, 14 ноември 2026

ВЕРЕН ДО СМРТ

„Биди верен до смрт и ќе ти ја дадам круната на животот“ (Откровение 2,10).

Често се сеќаваме на предани и верни луѓе кои биле мачени поради Христа, меѓутоа, малкумина од нас искусиле страдања и маченишто заради својата вера во Исуса Христа. Како би се однесувале кога би дошол период на маченишто за Христовите следбеници? Тоа може да се повтори, и уште повеќе, Библијата јасно кажува дека ќе се повтори пред Христовото доаѓање!

Чешкиот реформатор, Јан Хус, бил спален на клада во 1415. г. Пред неговите тужители да го запалат огнот, на главата му ставиле хартиена круна на која биле насликани ѓаволи. На тоа потсмевање тој им одговорил со зборовите: „Мојот Господ, Исус Христос, поради мене носел на својата глава трнова круна; зошто да не ја носам и јас, поради Него, оваа лесна круна од хартија? Секако, тоа ќе го поднесам свесно и доброволно! Кога ги ставиле дрвата за оган сè до неговиот врат, баварскиот војвода го запрашал дали сака да се откаже од своето проповедање. Надевајќи се целосно во Божјата реч, Хус одговорил: „Врз основа на вистината на Евангелието што го проповедав, денес умирам подготвено и радосно.“ Дрвото било запалено и Хус умрел додека пеел: „Исусе Христе, Сине на живиот Бог, смилувај ми се!“

Кога Бог во своето провидение и нас денес би нè повикал да го положиме својот живот за Христа и Евангелието, дали би му биле верни? Дали и понатаму би го славеле Бога? Најдобрата подготовка за таквата проверка на нашата постојаност е во верното служење на Бога. Денес, додека уживаме во слободата, да ја изградуваме својата вера и да му служиме со цело срце, за да можеме да ги издржиме искушенијата што сигурно ќе дојдат во животот на секој од нас.

Сабота, 21 ноември 2026

МЕД ИЛИ ОЦЕТ?

„Нема добро дрво што дава лош плод; ниту лошо дрво што дава добар плод“ (Лука 6,43).

Се чини дека најдобра проверка на нечиј карактер во однесувањето е кога личноста ќе се најде под притисокот на тешки околности. Под нормални околности луѓето се однесуваат во рамките на општествените норми. Даваат впечаток дека под површината е сè под контрола. Меѓутоа, кога ќе се најдат без

надзор, или се изненадени, ја откриваат својата вистинска состојба.

Еве како една приказна го илустрира ова.

На една маса се наоѓаат два ќупа. Изгледаат еднакви, сосема исти, но нивната содржина се разликува. Кога едниот се преврте, од него излегол оцет. Зошто излегол оцет? Затоа што ќупот се превртел. Потоа се превртел другиот ќуп, но од него не излегол оцет, туку мед. И двата ќупа изгледале исто, но разликата била во содржината. Дури кога се превртеле, дури тогаш се открила нивната содржина. Така е и со луѓето. Однадвор изгледаат навистина убави и човечни, сè додека не се вознемират, додека не се „превртат“ како ќупот. Дури тогаш вистинските мисли и чувства излегуваат на површината. Исус рекол: „Добриот човек, од доброто сокровиште на своето срце, изнесува добро; а лошиот човек, од лошото сокровиште изнесува зло, зашто неговата уста зборува од она, што го преполнува неговото срце“ (Лука 6,45). Нашето реагирање во одредена состојба, а не нашите смислени акции, ги откриваат нашите вистински ставови.

Кога некој кажува некоја нечовечна забелешка на ваша сметка, или направи нешто што вам не ви се допаѓа, како реагирате? Што излегува од вас — оцет или мед? Запомнете, ако сте во заедништво со Бога и срцето ви е чисто, тоа што ќе излезе од вас кога ќе се „преврти“ секогаш ќе биде слатко, добро.

Сабота, 28 ноември 2026

ГОЛЕМА ПОДЕЛБА

„И кога дојдоа на местото, наречено Голгота, таму Го распнаа Него; и злочинците - едниот оддесно, а другиот одлево“ (Лука 23,33).

Кога Господ Исус Христос умрел на крстот, платил потполна казна за гревовите на целото човештво. Неговата застап-

ничка смрт ни овозможила избавување. Меѓутоа, само оние што веруваат во Исуса Христа можат да го примат спасоносното избавување. Иако Христовата жртва е доволна за сите, таа е делотворна само за оние кои се надеваат во Него.

Додека Исус висел на крстот, двајца злосторници биле распнати заедно со Него, еден од десната и другиот од левата страна на крстот. Едниот злосторник му се потсмевал на Исус, не му верувал, и заминал во смрт без Христа. Другиот со вера повикал: „Спомни си за мене, кога ќе дојдеш во Твоето Царство!". Нему Исус му ветил вечен живот.

Исусовата жртва го поделила светот на две групи, на изгубени и спасени. „Кој верува во Него, нему не му се суди; а кој не верува веќе е осуден, зашто не поверувал во името на Единородниот Божји Син" (Јован 3,18). Повторно да ја потврдиме нашата вера во Исуса Христа и да му заблагодариме што со својот живот ја платил казната за нашите гревови. Ако сè уште не се надевате целосно во Него, сторете го тоа денес. Запомнете, умирајќи на крстот, Исус го поделил светот. На Голгота сме на раскрсница – бираме смрт или вечен живот.

Сабота, 5 декември 2026

ПОБЕДА НА НАДЕЖТА

„Но сега, Христос воскресна од мртвите, како првенец на оние кои умреле" (1. Коринќаните 15,20).

Еден месец пред својата смрт познатиот книжевник Жан Пол Сартр, кој бил уверен атеист, изјавил дека жестоко се спротивставувал на очајот говорејќи си сам себеси: „Знам дека ќе умрам во надеж." Тогаш со длабоко жалење додал: „Но надежта треба да има некој темел."

Древниот патријарх Јов го имал тој темел - вера во Бога. Кога страдал од својата болест и чувствувал дека смртта му е близу, доживувал помешани чувства - страв, очај и надеж. По-

некогаш сметал дека Бог му е непријател. Сепак и понатаму верувал дека Бог правилно дејствува и го сака својот народ. И на крајот, надежта го победила очајот!

Пасторите во текот на својата христијанска служба биле сведоци на многу верници кои биле на умирање и им помагале во нивните духовни потреби во последните мигови од нивниот живот. Многу верници доживувале исти чувства како Јов некогаш во дамнешни времиња. Се плашеле од смртта, зашто смртта не е пожелна како за оние кои се соочуваат со неа во младоста, така и за оние во зрело доба. Сепак, и во тие околности, оние што живеат во блиска врска со Христа, ја примаат милоста и умираат со надеж.

Сите ние кои веруваме во Исуса Христа, својата надеж ја темелиме во најпотполно документиран историски настан. Дотолку повеќе, кога се надеваме во Него и сме му послушни, нашата доверба расте, а надежта го победува секој страв и очај.

И нам часовите на овој свет саботен ден нека ни помогнат да ја зајакнеме таа надеж преку заедницата со воскреснатиот Спасител.

Сабота, 12 декември 2026

ПОРАКА ОД ВСЕЛЕНАТА

„Небесата ја раскажуваат Божјата слава, небесниот свод го навестува делото на Неговите раце“ (Псалм 19,1).

Откако постои човекот, кога требало да ги запише своите мисли и стремежи, секогаш го посматрал небесниот ѕвезден свод и поставувал прашања за тајните на вселената. Во почетокот неговиот поглед бил ограничен на набљудување само со голо око. Потоа едноставен телескоп ги продлабочил неговите сознанија. А денес, силните електронски телескопи, со помош на компјутер, му овозможуваат на човекот да ги „види“ галаксиите кои се оддалечени милијарди светлосни години. Ѕвезде-

ната панорама на прекрасниот небесен свод постојано се открива пред погледот на денешниот астроном.

Човекот станал стручњак во набљудувањето на вселенскиот простор. Големите научници, како што е Карл Сеган, познатиот автор на делото „Космос“, зборуваат со полн авторитет за чудесата на бескрајната вселена. Едно е да се откријат и да се опишат чудесата на бескрајната вселена, а сосема друго е да се каже како настанала таа вселена и што претставува. Еве го заклучокот на Сеган: „Пред десет или дваесет милијарди години нешто се случило. Дошло до Големата експлозија, која ја создала нашата вселена. Зошто се случило тоа, останува најголема тајна.”

Христијаните знаат која е пораката на небесниот свод. Знаеме дека вселената постои, затоа што Бог ја создал, а секое ново зачудувачко откритие, на Божјето име додава уште поголема слава. Небесата нè повикуваат да го почитуваме Бога, бидејќи тие ја „раскажуваат Божја слава“. И кога размислуваме за пораката од вселената, да одговориме како псалмистот подигајќи го нашиот глас во обожавање и почитување на Создателот: „Господи, кој може да живее во Твојот шатор? Кој ќе се настани во Твојата Света Гора? Оној кој оди непорочно, кој твори правда и зборува вистина од своето срце“ (Псалм 15,1.2).

Божјето дело на создавање на Земјата е завршено пред шест милениуми, но нашето дело на прославување на нашиот Создател никогаш нема да се заврши.

Сабота, 19 декември 2026

ОГНОТ НА НЕВОЛЈИТЕ

„Ете, те исчистив како сребро, те искушав во топилницата на неволјата“ (Исаија 48,10).

Бог е оној кој ја прочистува нашата душа. Често го пропушта своето „злато“ низ огнот на неволјите за да го прочисти и да му даде сјај за да биде почисто за Негова слава. Познатиот пропо-

ведник Спурџон рекол: „Утешете се, верници кои сте во неволја, со оваа мисла која се наоѓа запишана во Исаија 48,10. Па нека дојдат и неволји, Бог ме избрал. Нека навалат на мене болести, јас имам подготвен балсам, затоа што Бог ме избрал. Што и да ме снајде во овие неволји, знам дека Бог тоа го дозволил, зашто веќе ми ја покажа својата љубов. Вернику, ако ти е потребна поголема утеха, сети се дека го имаш Синот Човечки кој со тебе се наоѓа во огнената печка. И во тивката просторија на твојата душа, Оној кого го љубиш седи покрај тебе, ќе ти ја простре постелата кога си болен и ќе ја измазни перницата да ти биде помека. Тој вели: „Не бој се, зашто Јас Сум со тебе; не обрнувај се исплашено, зашто Јас сум твој Бог. Јас те крепам и ти помагам, те потпирам со победничка десница“ (Исаија 41,10). Неговата присутност е твоја сигурност и утеха.“

Ако си го замолил Спасителот да ти помогне да бидеш сведок на Неговата милост, не чуди се што те испитал низ огнени искушенија за да те преобликува и да те оспособи за таа чесна служба. Тројцата пријатели на Даниел во печката не изгореле, туку изгореле само јажињата со кои им биле врзани рацете и нозете. Како херои на верата, тие излегле од неволјите и со своето искуство оддале чест на Божјата слава, и биле поставени дури и на поголема положба во општеството (Даниел 3,28-30).

Ако се наоѓате во непријателско окружение, Бог го дозволува тоа со причина, затоа бидете подготвени, во секоја пригода која ви се дава, успешно да му служите на Бога. Драги браќа и сестри, запомнете, Бог ги бира најдобрите работници и ги води низ најтешки неволји.

Сабота, 26 декември 2026

ИСУСОВАТА ТРПЕЛИВОСТ

„Првосвештениците Го обвинуваа многу… Но Исус веќе ништо не одговори...“ (Марко 15,3.5)

Колку бил трпелив Исус! Иако непријателите го напаѓале, а пријателите криво го сфаќале, не го отфрлил планот на својот Татко. Многу месеци пред тоа, додека им ја опишувал задачата што ги чека, им зборувал на своите ученици: „Мојот час уште не е дојден“. Кога неговата служба била при крај, им рекол: „Часот дојде.“ Дури и тогаш, кога тргнал на крстот, останал смирен и покрај жестокото противење. Кога учениците сакале да го одбранат од нападот, ги запрел, потсетувајќи ги дека на располагање му стојат 12 легии ангели подготвени да му помогнат. Кога војниците му ги врзале очите и го удирале, не се спротивставувал. Останал мирен и пред Синедрионот, освен кога се однесувало на Законот. Кога бил обвинуван пред Пилат, не му одговорил. Кога војниците му наметнале облека за да му се потсмеваат и му ставиле трнова круна, поднел сè.

Тома Кемпински ја опишал таквата трпеливост со овие зборови: „Тој не е како трпелив човек кој е подготвен да го трпи само она за кое смета дека вреди да трпи. Вистинскиот трпелив човек ништо не бара од оној од кого трпи, без оглед дали е тоа неговиот претпоставен, некој еднаков на него или потчинет на него. Од кого било, колку било или колку често и да му се нанесува зло, тој го прима сето тоа како од Божји раце, и го смета за придобивка!“

Дали се соочувате со неволји? Повторно погледнете колку трпеливо ги поднесувал сите страдања од прогонувачите. Потоа сетете се дека тоа го направил за вас и за мене. Неговиот пример нека нè охрабри да бидеме уште потрпеливи, зашто трпеливоста значи да чекаме на Божјето време без да се сомневаме во Божјата љубов.

ГРАДИВО 4/2026
Уводни стихови

Излегува тримесечно

Издава:
Управниот одбор на
Христијанската
адвентистичка црква
во Р. Македонија

Подготвил:
Мелита Томовска

Одговара:
Илија Киров

ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА